

# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## март 2015

# Месечен весник

## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## март, 2015

ОПШТИНА ВЕЛЕС



ВЕЛЕС



## Пролетно крпење на ударни дупки по градските сообраќајници

Општина Велес во месец март спроведе пролетна акција за крпење на ударните дупки на градските сообраќајници. Интензивно се работеше на реконструкција на улиците и санирање на коловозот од штетите предизвикани во зимскиот период. Беа закрпени со асфалтна маса сите улици кои се од витално значење за нормално одвивање на сообраќајот.

Средствата за градежните работи се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

## Поставување на столчиња на Градскиот стадион

Изминатиот месец се одвиваа интензивни градежни активности за поставување на првите столчиња на трибините на Градскиот стадион. Станува збор за 1.000 столчиња кои се обезбедени од Агенцијата за млади и спорт на РМ.Стадионот минатата година доби нова подлога, вештачка трева погодна за одигрување и на меѓународни натпревари.Сите овие напори значат севкупно подобрување на фудбалската инфраструктура во градот, со што ќе се придонесе за развој на фудбалот како еден од најпопуларните спортови.Градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев при увидот на активностите на Градскиот стадион, најави дека Велес продолжува со негување на спортскиот дух на велешани и создавање услови за реализирање на оваа цел, а целосната реконструкција на стадионот е само продолжение на овие напори.







## “Час за спас на планетата Земја”

Во рамките на светската волонтерска кација ,,Час за спас на планетата Земја” на 28-ми март се затемни, Малото мовче и споменикот на Гемиџиите во Велес . Во овие 60 минути околу седум илјади градови од 163 земји меѓу кои и Велес, затемнија дел од нивните простори. Целта беше да се подигне свеста кај граѓаните за зачувување на животната средина и борба против климатските промени.Организатори на акцијата беа членовите на Еко-клубот при ССОУ „Димитрија Чуповски“.Поддршка дадоа градоначалникот Славчо Чадиев, претседателот на Советот, Александар Колев, директорите на неколку училишта од градот, актерите Зоран Љутков и Весна Димитрова - Бобевски, групата Соната, Мики Секуловски, Панче Ќумбев и уште неколку здруженија на граѓани и поединци од Велес.









## Најизведуваната претстава на МНТ ,,Сомнително лице" гостуваше во велешкиот театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот"



На 29-ти март на големата сцена во велешкиот театар „Јордан Хаџи Константинов - Џинот" гостуваше најизведуваната претстава на МНТ ,,Сомнително лице". Претставата е адаптација на делото на Бранислав Нушиќ, а режисер е Синиша Ефтимов. За костимографијата се погрижи Лира Грабул, а за сценографија Љубо Јованоски. Актери кои ја изведоа комичната претстава беа: Александар Микиќ, Оливер Митковски, Софиа Насевска Трифуновска, Никола Ристановски, Нино Леви, Ванчо Петрушевски, Магдалена Ризова-Черних, Сашко Коцев, Гораст Цветковски и Емил Рубен.

## Реконструкција на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес

Во ОУД „Лазар Лазаревски" продолжија градежните активности за замена на столаријата. Постојните врати и прозорци се заменија со нови изработени од „ПВЦ" материјал, а се продолжи и со промената на 28 врати во спалните соби на учениците, на први и втори кат, и 31 прозор со термопан стакло. Во увид на активностите беше и градоначалникот Славчо Чадиев кој изрази задоволство од досегашиот тек на работите. Првиот дел од промената на столарија во ОУД „Лазар Лазаревски" заврши во јануари 2014 година и беа сменети 12 врати од спалните соби на учениците на приземје и 19 ПВЦ врати во санитариите. Со ова комплетно се прави промена на сите врати од спалните соби во целиот ученички дом, а притоа во голема мера се подобруваат и условите за престој на 300 ученици во велешкиот интернат.На овој начин се прават и значајни заштеди на електрична енергија.Инаку, во Интернатот изминатиот месец започна и постапка за набавка на лап - топи, кои се наменети за читалната, така што учениците ќе имаат современи услови за учење.







## Ракометарите на ГРК „БОРЕЦ" тргнаа по нови успеси поддржани од навивачката група "Гемиџии"

Заврши зимската пауза во првата ракометна лига. Играчите на ГРК „Борец" изминатиот месец се вратија на терен, на куп-натпреварот против екипата на ХЈК „Работнички" и ја освоија првата победа во овој дел на натпреварувања. Екипата која во меѓувреме е засилена на центарската и на позицијата лев бек има за цел да го освои второто место на табелата со што ќе изборі бараж за влез во супер лигата.Навивачката група „Гемиџии" неодамна стана член на Управниот одбор на клубот со полно право да биде дел од одлуките кои се носат. Тие најавија дека во претстојните средби ќе му дадат поддршка на клубот.








## Портрет на Петре Прличко ја краси новата театарска зграда



По повод 27-ми март – Светскиот ден на театарот, во новиот објект на велешкиот театар се одржа пригодна свеченост на која што на директорот на установата, Јордан Витанов, му беше предаден портретот на доајенот и бардот на македонската актерска уметност, Петре Прличко. Делото, чиј автор е велешкиот уметник Ангел Коруновски беше купено на аукција од страна на Ротари клубот од Велес во 2007 година, а тогашната идеја беше да се постави во новата театарска зграда по нејзината изградба. Бидејќи просторните услови во стариот објект на театарот не беа соодветни за чување на ова вредно уметничко дело, истото до денес се наоѓаше во кабинетот на велешкиот градоначалник. На овој ден кој е од огромна важност на театарот , градоначалникот Славчо Чадиев заедно со членовите на Ротари клубот, на свечен начин ја предадоа и поставија сликата во новиот и репрезентативен театарски објект. Во чест на Светскиот ден посветен на актерството, се одигра и претставата „Приказни од шесттиот кат".

## Средба на градоначалникот Чадиев со граѓаните од станбените згради спроти Гимназијата „Кочо Рацин"



Градоначалникот Славчо Чадиев оствари средба со граѓани кои живеаат во станбените згради спроти Гимназијата „Кочо Рацин". Притоа, на средбата граѓаните ги изнесоа своите размислувања за решавањето на неколку комунални проблеми со кои се сретнуваат во секојдневното живеење. Градоначалникот Чадиев внимателно ги сослуша сите забелешки и предлози, и истовремено изрази подготвеност за решавање на прашањата кои се од надлежност на Локалната самоуправа. Директните средби и непосредните разговори од овој тип, се од најголемо значење за решавање на секој проблем во локалната заедница.

## Проект за вработување на лица со попречености

Изминатиот месец март во медиотеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев", УСАИД во соработка со Општина Велес го организираше четвртиот регионален промотивен настан на кој беа претставени проектните активности и успешните приказни на лица со попреченост кои се вработиле или добиле практикантски ангажман преку проект на оваа меѓународна организација.На настанот учествуваа претставници од општините од Вардарскиот плански регион, како и од компании, невладини организации и јавни институции.















## Посета на Градоначалникот на месните и урбаните заедници

Градоначалникот Славчо Чадиев изминатиот месец ја реализираше својата агенда за посети и средби со граѓаните од урбаните и месни заедници во општина Велес. Граѓаните од страна на градоначалникот беа запознати со предвидените проекти кои треба да се реализираат во нивните места на живеење во рамките на програмите за 2015 година.Од страна на жителите до градоначалникот и стручните служби на општината беа поставени и повеќе прашања, а исто така беа изнесени приоритетите и проблемите со кои тие се соочуваат. Ваквите средби се особено значајни за непосредната комуникација на жителите со локалната самоуправа. На овој начин се создаваат и повеќе можности за спроведување на оние проекти со кои директно се подобруваат условите за живеење на сите граѓани.





## Месец исполнет со голем број на културни настани

Во рамките на манифестацијата „Град на културата“ изминатиот месец се заокружија настаните поврзани со франкофонијата. На 18-ти март се проектираше култниот филм „Чадорите од Шербур“, а на 20-ти март се промовираше книгата „Атентат“ од Јасмина Кадар. Промотор на делото беше проф.д-р Ирена Павлова. На 19.03.2015 година во Ликовниот салон се отвори изложбата на дела на академскиот сликар Ибрахим Беди. Посебно доживување за велешани беше концертот на духовна музика што заеднички го организираа Општина Велес и Повардарската Епархија. Концертот се одржа на 21.03 (сабота) во храмот Св.вмч. Пантелејмон. На овој тн Великопосен концерт настапија Младинскиот црковен хор „Св. Кирил и Методиј“ од Велес и Женскиот хор „Св. Злата Мегленска“ од Скопје.Исто така, со пролетни бои градот го закитија учениците од велешките основни и средни училишта и децата од градинката „Димче Мирчев“ кои во Младинскиот парк и посакаа добредојде на пролетта со голем Пролетен еко хепенинг.

Во пресрет на 27ми март - Денот на театарот, имавме можност да проследиме повеќе театарски претстави што во рамките на манифестацијата „Велес - град на културата“ ги организираат Општина Велес и Народниот театар „ЈХК Џинот“.












## Пролетен еко хепенинг за денот на пролетта

Со голем Пролетен еко хепенинг што се одржа во Младинскиот парк, Велес го одбележа Денот на пролетта и на екологијата, 21-ви март. На оваа традиционална манифестација учествуваа голем број ученици од основните и средните училишта од градот, средношколскиот дом и децата од детската градинка. Добредојде на пролетта најмладите и посакаа со еко пораки до возрасните за зачувување на природата што се буди, за животна средина со чист воздух, вода и почва, за цветно опкружување и здрав живот.





## Најмладите во посета на локалната самоуправа

Учениците од ООУ „Блаже Конески“ изминатиот месец имаа работна прошетка низ општинската зграда. Согласно Наставната програма за граѓанско образование, учениците имаа можност да го посетат Граѓанскиот сервис центар, да ги видат прес-салата и електронската сала и одблизу да се информираат за работата на општинската администрација, Советот на Општина Велес и функцијата Градоначалник. Најголем предизвик за учениците на оваа работна обиколка беше влезот во работниот кабинет на првиот човек на градот и средбата со него. Ваквите посети ќе им овозможат на најмладите граѓани на општината подобро да го разберат општинскиот систем како и придобивките од неговото успешно функционирање.





## Работна средба на градоначалникот со претседателот на Црвениот крст на Р.Македонија

Во рамките на одбележувањето на 70 години Црвен крст на Република Македонија , во просториите на Општина Велес се одржа работна средба помеѓу градоначалникот Славчо Чадиев и претседателот на Црвениот крст од Република Македонија др. Милчо Трајков. На средбата присуствуваа и заменик-претседателот на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Претседател на Црвениот крст од Италија, Франческо Рока, како и Претседателката на Црвениот крст од Црна Гора, Гордана Мијовиќ. Притоа градоначалникот Чадиев ја искористи можноста на Црвениот крст од Македонија да им го честита јубилејот, посакувајќи им на сите членови и волонтери да продолжат по патот на хуманоста.





## Новиот амбасадор на САД во официјална посета на Велес

Новиот Амбасадор на САД во Република Македонија, Н.Е. Џес Бејли, на 17-ти март, во рамките на неговата прва официјална посета на Велес, оствари работна средба со градоначалникот Славчо Чадиев. На средбата, Амбасадорот се интересираше за досегашната соработка на Општината со американската амбасада, за бројните реализирани проекти но и за Велес, неговата историја, култура и стопански развој. Во рамките на посетата, Градоначалникот и Амбасадорот се сретнаа и со семејствата од Велес кои имаат згрижено волонтери од Мировниот корпус. Потоа, заедно ја посетија населбата „Хабитат“, каде преку американски грантови се градат станови за млади брачни парови и лица со ниски примања и Посебното основно училиште „Маца Овчарова”.









## Вечер на француска шансона



Во рамките на програмата „Велес - град на културата 2015“, а по повод одбележувањето на месецот на франкофонијата, на 12-ти март годинава, во салата „Бели Мугри“ се одржа Вечер на француската шансона. На настанот што го организираше Општина Велес настапија учениците од француската секција при гимназијата „Кочо Рацин“, Тина и Никола Божикови и пејачката Нада Талевска во пијано придружба на Илија Настовски. Посетителите во преполната сала имаа можност да уживаат во изведбата на Наде Талевска на класичните опери, но и модерните француски поп хитови. На настанот присуствуваа и проф.д-р Снежана Петрова, претседател на Здружението на франкофони на Македонија и госпоѓа Марија Николова одговорна за Франкофонијата при Министерството за образование и наука. Тие изразија задоволство од развојот на франкофонијата во Велес и пред се интересот на младите генерации за францускиот јазик и култура.

## Завршена реконструкција на тротоарот во центарот на градот

Овој месец завршија градежните активности за реконструкција на тротоарот во централното градско подрачје. На ова место најпрвин се отстранија старите и дотраени плочки, а потоа се поставија и нови бехатонски плочки.Дополнително просторот ќе се заштити и со метални елементи кои ќе го спречат паркирањето на возилата.Вредноста на оваа инвестиција изнесува околу 1.3 милиони денари, а во овој прв дел се реконструираа околу 1.000 м2 површина. Оваа година, етапно ќе се уредуваат и останатите тротоарски делови во центарот на градот.







## Зонски натпревари на учениците од основно образование - КОШАРКА

ООУ „Благој Кирков“ во женска и ООУ „Васил Главинов“ од Велес во машка конкуренција одиграа натпревари со нивните врсници од Гевгелија, во училишната спортска сала на ООУ „Благој Кирков“.Во машка конкуренција поуспешна беше екипата на ООУ „Васил Главинов“ од Велес во однос на нивните врсници од ООУ „Ристо Шуклев“ од Негорци победувајќи со резултат 30 – 17.Во женска конкуренција екипите беа изедначени по квалитет, но на крај поуспешни беа ученичките од Гевгелија од ООУ „Владо Катранџиев“ победувајќи со резултат 20 – 17 . Екипите победнички се стекнаа со право на учество на Регионалното првенство кое ќе се одржи на неутрален терен а учество ќе земат 4 екипи од 4 зони.







## “Мозаикот наречен Велес”

Во салата „Бели Мугри“ во Велес премиерно беше изведена претставата „Мозаикот наречен Велес“, според легендите за Велес од Љупчо Данов, а во режија на Весна Димитровска Бобевски. Во претставата настапија децата - членови на теарската група „Словото“ со која раководи актерката и режисер Димитровска-Бобевски. Приказните во претставата раскажуваат за почетокот на постанокот на градот Велес, за тоа кој ја изработил првата гемија со која се пловело по Вардар, како умрела Ленка за која пишуваше Кочо Рацин, кој го убил Миле Поп Јорданов, за Васил Главинов и уште неколку интерсни приказни за познати и помалку познати личности и настани. Членовите на Детската театарска група „Словото“ кои направија пресек на историјата преку познати и непознати ликови кои оставиле белег во градот, претставата заедно со нивните ментори ја подготвуваа шест месеци. Настанот беше дел од проектот „Велес – Град на културата 2015 година.











## “ЕУЛЕАДЕР ” во Вардрскиот плански регион

Во Општина Велес на 10-ти март, Центарот за развој на Вардарски плански регион заедно со Карана Корпорејшн организираше Информативен ден за имплементација на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Вардарскиот плански регион, кој произлезе како резултат на проектот за експанзија на мали бизниси поддржан од страна на УСАИД и Швајцарската влада. Целта на настанот беше да се информираат индивидуалните земјоделци, јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор од ВПР за придобивките кои можат да се добијат од воведувањето и спроведувањето на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во нашиот регион.Преку осмислени иницијативи, акции модели за соработка со приватниот сектор и институциите на Локалната самоуправа проектот ќе резултира со формирање на локални акциони групи (ЛАГ-ови) како и во создавање на нови работни места.

## Започна изградбата на повеќенаменското игралиште во с. Караслари

Градежните активности за изградба на ново спортско игралиште во селото Караслари започна на 10-ти март. Истото ќе биде повеќенаменско. Изградбата ја финансира Агенцијата за млади и спорт, а вкупната сума потребна за реализација на овој проект изнесува околу 7.500.000 денари. Спортскиот терен треба да биде завршен до крајот на месец август.На почетокот од изградбата на игралиштето, во посета на селото Караслари беа директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески и градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев.Повеќенаменското спортско игралиште во селото Караслари, е дел од проектот на Владата на Република Македонија за изградба на 100 повеќенаменски маалски игралишта низ целата држава. Минатата година игралиште од овој тип се изгради и во с. Иванковци.





## Велес доби грант од Јапонија во висина од 53.884 евра

Во канцеларијата за врски во Скопје при Јапонската Амбасада во Виена беа потпишани договорите од програмата за поддршка на мали проекти - Japanese Grant Assistance for Grassroots Human Security Projects (GGP) за јапонската фискална 2014 година во износ од 259.998 евра за имплементација на четири проекти во Македонија. Договорот кој предвидува рехабилитација на заеднички простории на три училишта во Општина Велес во висина од 53.884 евра, го потпиша лично градоначалникот Славчо Чадиев.Проектот се однесува на зградата во која се сместени двете основни општински училишта “Благој Кирков” и “Јордан Хаџи Константинов-Џинот” како и училиштето за деца со посебни потреби “Маца Овчарова”. Во нив дневно престојуваат приближно 800 ученици.Целта на овој проект е да обезбеди неповратна финансиска помош за два котли за греење и обнова на 20 тоалети за учениците од трите училишта. Предвидено е проектот да започне со реализација на 1 април и да заврши на 1 октомври 2015 година.




## Свечена заклетва на 165 војници во велешката касарна

Во велешката касарна „Алексо Демниевски – Бауман" изминатиот месец март, се одржа свеченост по повод давање заклетва на војниците на доброволно служење на воениот рок од упатниот контингент „Февруари" 2015 година.Притоа, заклетвата ја дадоа 165 војници од дваесет и петтата генерација на доброволно служење на воениот рок.Со нив Центарот за индивидуална обука во рамки на Командата за обука и доктрини ќе реализира обука во траење од три месеци.На свеченоста присуствуваа министерот за одбрана Зоран Јолевски, заменикот на началникот на ГШ на АРМ, генерал потполковник Насер Сејдини, командантот на Командата за обука и доктрини полковник, Љупчо Костовски, градоначалникот Славчо Чадиев, претставници од МО и ГШ на АРМ, роднините на војниците и други гости.



## Измена на планската документација за покривање на Градскиот пазар

Општина Велес одржа стручна расправа за предложен Нацрт за изменување  и дополнување на Генералниот урбанистички план за дел од УЕ 4, УБ 32 и УЕ 9 УБ 47, Општина Велес за планскиот период 2015-2025 година.Расправата беше искористена и за информирање на јавноста за постапките на Локалната самоуправа кои се однесуваат на покривањето на Градскиот пазар, чија локација е опфатена во овој ГУП. Имено, Општина Велес со измената на Генералниот урбанистички план планира измени кои се во функција на предвидениот нов објект со кој што се предвидува покривање на површините на кои се извршува продажба на земјоделски и други производи на Градскиот пазар ,а со тоа се овозможуваат подобри услови како за лицата кои вршат продажба така и за граѓаните кои го посетуваат пазарот. Во оваа насока, Општина Велес постапката за покривање на Градскиот пазар планира да ја спроведе преку постапка за јавно приватно партнерство за што дополнително во наредниот период ќе се објави оглас на кој ќе можат да се пријават сите заинтересирани правни и физички лица.Условите и дополнителните информации поврзани со покривањето на Градскиот пазар ќе бидат утврдени со Огласот за интерес како и во дополнителните акти кои што ќе следат во понатамошната постапка за ЈПП. Покрај покривање на просторот на Градскиот пазар, со изградбата на новиот објект, планирано е да се изградат и деловни објекти как што се маркети, продавници и административни простории, а воедно планирано е и да се реши проблемот со паркирањето во овој дел од градот.







## Поддршка од општината на младите научници за престојот во САД

Градоначалникот Славчо Чадиев оствари средба со младите сограѓани Тамара Савевска и Синиша Јовиќ кои,  од 7 до 11 мај ќе учествуваат на престижен научен собир на средношколци во Хјустон, Тексас, САД. На натпреварот, младите истражувачи од целиот свет ќе ги презентираат своите истражувања од областа на енергијата, инженерството и животната средина.Оваа година помеѓу стотиците проекти кои конкурираа, беше и проектот на Тамара и Синиша на тема „Портланд цемент и хидрантна вар – ефикасни неоргански адитиви за стабилизација/солидификација на згура богата со цинк и олово".Од страна на градоначалникот Чадиев, на двајцата млади научници  им беше ветена поддршка од Општината за претстојното патување.

## Финале на општинските училишни натпревари во ракомет

Во Спортската сала „Гемиџии"-Велес пред публика од 600 гледачи: ученици, наставници и граѓани се одигра финалниот натпревар во ракомет – пионери меѓу екипите на ООУ „Васил Главинов" 1 и ООУ „Св. Кирил и Методиј". Преку квалитетна игра и двете екипи ги покажаа своите млади надежни спортски ракометни таленти од своите училиштни спортски тимови. Со фер-плеј заврши финалниот натпревар меѓу ракометната екипа на ООУ „Васил Главинов" 1 и на ООУ „Св. Кирил и Методиј" со резултат 17:11 и победа на екипата на ООУ „Васил Главинов"1 - Велес.Тренерите-наставници: Кире Манев и Љубиша Стојков беа задоволни од настапот на своите ученици,а публиката воодушевена од прикажаната игра.Општина Велес во соработка со Сојуз за училиштен спорт –Велес ги поддржува натпреварите на училишните спортски лиги на основните и средни училишта и со тоа дава силна поддршка на развојот на младите спортисти, здравиот начин на живеење.





## 70 решенија за легализација на 70 дивоградби

Градоначалникот Славчо Чадиев заедно со Министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, на 70-тина граѓани свечено им ги доделија решенијата за легализираните објекти.На процесот на легализација, интензивно се работи во Локалната самоуправа.Во Општина Велес досега од вкупно 7864 поднесени барања, легализирани се околу 2.800 бесправно изградени објекти.Оваа мерка на Владата на Република Македонија на брз и едноставен начин за само 1 евро од $m^2$ им овозможи на граѓаните да си обезбедат трајна сопственост над имотот.Но исто така легализацијата е од огромна полза за сите граѓани на Велес затоа што по завршување на легализацијата општината ќе пристапи кон втората фаза, а тоа е внесување во деталните урбанистички планови на сите бесправно изградени легализирани објекти.На овој начин ќе се добие вистинска слика за состојбата со инфраструктура и за потребата од нејзино проширување.





## Велес учесник на меѓународен фестивал на жените во Шербур

На покана на градот Шербур Октевиљ, од регионот Долна Нормандија, Република Франција, госпоѓа Нада Трајкова, член на Советот на Општина Велес, учествуваше на шестото издание на фестивалот „Жената во Градот 2015".Во рамките на активностите на фестивалот, на 28 февруари годинава, госпоѓа Трајкова учествуваше на тркалезната маса посветена на жените во политиката. На меѓународниот настан на кој учествуваа и жени избрани функционери од Франција, Обединетото Кралство и Сенегал, госпоѓа Трајкова, како претставник на Велес и Република Македонија, говореше за образованието, општествените активности, улогата и влијанието на жените, избрани функционери во Република Македонија.




ВЕЛЕС

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

Министерство за култура
на Република Македонија

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

Министерство за култура
на Република Македонија

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС

# Месечен весник

## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## март, 2015

ОПШТИНА ВЕЛЕС